# ПОВИК ДО СТУДЕНТИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНАТА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ И НАУЧНИЦИ „СКУН“, СТУДЕНТСКАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА НУТРИЦИЈА „СНКН’’ И СТУДЕНТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ГЛОБАЛНИ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ „СКГКП’’

*13-14 октомври 2020, Технолошко-металуршки факултет, Скопје*

*19-20 октомври 2020, Медицински кампус на факултети, Скопје*

*29-30 октомври 2020, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје*

Се повикуваат сите студенти на Институтот за биологија да земат активно учество на **Меѓународната студентска конференција на младите уметници и научници СКУН**, 13-14 октомври 2020 г. која ќе се одржи на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Исто така, **студентската научна конференција за нутриција СНКН**, 19-20 октомври 2020 г. која ќе се одржи на Медицинскиот капус на факултети, Скопје. Како и на **студентската конференција за глобални климатски промени СКГКП**, 29-30 октомври 2020 г. која ќе се одржи на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје.

**СКУН** е организирана од Факултетските студентски собранија на Природно-математичкиот факултет, Технолошко-металуршкиот факултет и Факултетот за ликовни уметности. **СНКН** е организирана од страна на Факултетските студентски собранија на факултетите од медицинскиот кампус, ФСС ПМФ и ФСС на факултетот за физичко образование. **СКГКП** е организирана од страната на Факултетските студентски собранија од факултетите во кампусот во Автокомнда, каде ФСС ПМФ доби покана да учествува како гостин на истата. На оваа конференција покрај стутентите од Институтот за биологија, активно учество ќе земат и студентите од Институтот за географија. Сите три конференции се во соработка со Комисијата за наука при УСС-УКИМ.

Студентите од сите циклуси на биологија може да се пријават за учество со изработка на **труд**, како и од предлог-областите наведени во повикот на било која од конференциите.

Секој студент треба да има ментор-рецензент под чие раководство ќе го изработи трудот и истиот ќе биде одобрен за учество на СКУН, односно на СНКН и СКГКП.

- Повеќе информации за поважни датуми на СКУН, СНКН и СКГКП во официјалниот повик за трудови во делот за СКУН, СНКН и СКГКП како документ 1, на линкот

https://mailchi.mp/b09dcab6cea7/naucnikonferencii?fbclid=IwAR0yuwEYjZkg-7SDC6RsnpZL1D4NPWL3sje8-qorjXU1FnRCeuoysB76zUU

- Урнекот за изработка на трудовите може да се најде во делот за СКУН и СКГКП како документ 2, додека пак за СНКН како документ 2 и документ 3 на истиот линк.

**18.5.2020** **Факултетско студентско собрание**

**Скопје** **на Природно-математички факултет, Скопје**